Врз основа на член 18 став 1 алинеја 16 и член 20 став 1 алинеја 11, а во врска со член 22 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 15 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-2692/3 од 06.04.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15- та седница одржана на 06.04.2015 година, донесе:

# Кодекс за однесување
# на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст „Кодекс“), се определуваат основните принципи на однесување и работење на членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените во стручната служба на Агенцијата (во понатамошниот текст „вработени“), со цел да се обезбеди почитување на законитоста, професионалниот интегритет и ефикасноста при вршењето на функциите и задачите утврдени со одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти на Агенцијата.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се должни да се придржуваат кон одредбите од овој Кодекс.

### Член 2

Цели на овој Кодекс се:

- да се дефинираат и договорат основните етички правила на однесување на членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и на вработените;
- да се зголеми ефикасноста, транспарентноста и одговорноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во спроведувањето на нејзините функции и надлежности утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми;
- да се поттикне и зајакне личната определба на членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и на вработените, да бидат независни и непристрасни при донесувањето на одлуките и остварувањето на своите задачи;
- да се одржи и зголеми довербата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- да се обезбеди висок квалитет и поедноставени постапки за навремено и професионално исполнување на обврските кон издавачите на медиуми, давателите на

аудио или аудиовизуелни медиумски услуги и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;

- да се спречи појавата и прифаќањето неетички постапки во однесувањето на членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените.

## II.ДЕФИНИЦИИ

### Член 3

Одделни изрази и термини употребени во Кодексот го имаат следново значење:

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – е самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги;
- Вработени – се сите лица кои во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се вработени со договор за вработување на определено и неопределено време и договор за привремено вработување;
- Судир на интереси – го подразбира судирот на јавните овластувања и должности со приватниот интерес на членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, што влијае или може да влијае врз вршењето на нивните овластувања и должности;
- Индиректен интерес – ги подразбира интересите на членови на семејството согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на член на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата или на вработен во стручната служба.

## III. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

### Член 4

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, при вршењето на своите функции односно работни обврски, се обврзуваат дека:

- ќе се залагаат за доследно спроведување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти на Агенцијата и другите законски прописи со кои се регулира аудио и аудиовизуелната област;
- ќе се грижат за заштита на јавниот интерес и за задоволување на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги;
- ќе се раководат од принципите на непристрасност и независност од кои било политички или економски интереси;
- ќе бидат посветени на остварување на законските функции и надлежности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ќе се грижат за зачувување на нејзиниот интегритет и углед;
- ќе се залагаат за највисоки професионални стандарди во работењето и за стручно, чесно, совесно, одговорно и ефикасно извршување на задачите и обврските;
- својот статус или влијание, нема да го користат за задоволување на сопствените материјални и лични интереси, како и на интересите на членовите на нивните семејства;
- ќе обезбедат еднаков третман и чесно, коректно и правично постапување кон сите правни или физички лица чии барања се предмет на разгледување;

- нема да се ангажираат во какви било активности што се утврдени како конфликт на интерес согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, другите законски прописи и овој Кодекс;
- непосредно и посредно нема да примаат или поддржат какви било подароци, предмети или друга корист од лице заради делување или неделување во службата;
- ќе ги почитуваат туѓите права и достоинство.

## IV.НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

**Член 5**

При одлучувањето за сите прашања што произлегуваат од законските надлежности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, ќе се раководат од објективна, правична и непристрасна проценка на фактичката состојба.

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, се обврзуваат дека нема да примаат никакви инструкции или задачи од кое/и било правно/и или физичко/и лице/а и нема да преземаат дејствија што можат да ја доведат во прашање независноста на нивната функција и непристрасноста во текот на одлучувањето.

Контактите на членовите на Советот на Агенцијата, на директорот на Агенцијата, на заменикот на директорот на Агенцијата и на вработените, со правните и физичките лица во врска со барањата кои се предмет на разгледување и одлучување, треба да бидат ограничени на професионална комуникација и во функција на ефикасно спроведување на постапката на решавање на поднесените барања.

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, се обврзуваат дека целосно и веднаш ќе ги одбијат сите облици на притисок чија цел е да се изврши влијание врз нивното дејствување или одлуки и за тоа ќе го известат претседателот на Советот на Агенцијата, и другите членови на Советот на Агенцијата.

**Член 6**

Вработените ги извршуваат своите работни обврски самостојно и непристрасно, земајќи ја предвид фактичката ситуација и придржувајќи се кон постапката утврдена со закон и со актите на Советот на Агенцијата.

Вработените се должни да одбијат налог да постапат спротивно на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, другите позитивни законските прописи во Република Македонија, на актите на Советот на Агенцијата и на правилата утврдени со овој Кодекс, дури и кога таквиот притисок доаѓа од нивни претпоставен.

Во ситуација кога е даден налог или се врши пристисок да се постапи спротивно на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, другите позитивни законските прописи во Република Македонија, на актите на Советот на Агенцијата и на правилата утврдени со овој Кодекс, вработените се должни за тоа да го известат директорот на Агенцијата, претседателот на Советот на Агенцијата и другите членови на Советот на Агенцијата.

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот директор на Агенцијата и вработените во стручната служба во Агенцијата во меѓусебните релации се однесуваат со уважување и почитување на личноста.

**Член 7**

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените нема да ја користат својата професионална позиција во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да ги промовираат интересите на која било политичка партија и група која промовира интереси/активности на која било политичка партија.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените во стручната служба на Агенцијата, за време на вршењето на функцијата односно за време на извршувањето на работните обврски, не можат да извршуваат партиски должности во органите на политичка партија.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените, во текот на целиот период за кој се избрани, односно за цело време додека имаат засновано работен однос во Агенцијата, нема да вршат политички активности кои можат да ја доведат во прашање способноста за непристрасно извршување на службените должности, односно должностите ќе се вршат на политички неутрален начин.

## V. КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

**Член 8**

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените, не смеат да ја користат својата професионална позиција во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги заради остварување лична корист и не смеат да се ставаат во ситуација во која постои конфликт меѓу нивните лични интереси и интересите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 9**

Конфликт на интереси се сите ситуации во кои член на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата или вработен има каков било директен или индиректен интерес во правно лице кое врши дејност од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, или во друштво кое врши слична дејност (новинска агенција, рекламирање и пропаганда, истражување на пазарот и јавното мислење, дистрибуција на аудиовизуелни дела, филмска продукција, реемитување или емитување на радио/телевизиски програми).

Конфликт на интерес може да постои и во ситуација во која член на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата или вработен има каков било директен или индиректен интерес во правен субјект со кој Агенцијата има склучено или треба да склучи договор за соработка или интерес во друг правен субјект со кој Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги остварува соработка.

**Член 10**

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, се должни писмено да го информираат Советот на Агенцијата, а вработените Директорот на Агенцијата, за сите ситуации во кои постои потенцијален или реален конфликт на интереси, во смисла на член 9 на овој Кодекс.

Претседателот на Советот на Агенцијата, доколку има сознанија дека постои потенцијален или реален конфликт на интереси, може да побара од член на Советот или

од директорот на Агенцијата, а директорот на Агенцијата од вработен, да достави писмена изјава за природата на интересот што тој/таа го има во правниот субјект за кој станува збор.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги расправа за сите ситуации во кои постои или може да постои конфликт на интереси и презема соодветни мерки за нивно разрешување согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, другите законски прописи со кои се регулира оваа материја и овој Кодекс.

## VI. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

### Член 11

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените ќе им го олеснат пристапот на граѓаните до сите информации кои се поврзани со активностите на Агенцијата што тие имаат право да ги добијат, заради остварување на нивните права и интереси.

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, ќе ја почитуваат доверливоста на информациите кои на видно место се одбележани/класифицирани со ознаката „за ограничена употреба" согласно законските прописи и Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година.

### Член 12

На сите правни или физички лица кои имаат доставено допис/претставка до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, задолжително односно секогаш кога тоа е остварливо, ќе им биде доставен писмен одговор согласно одредбите од Законот за постапување по претставките и предлозите и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон.

При подготовка на пишаните материјали, одлуки или решенија како и во друга комуникација со јавноста, вработените се должни да користат јасен и разбирлив јазик.

### Член 13

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, при контактирањето со сите правни и физички лица, треба да покажат максимално разбирање, љубезност, пристојност и добра волја со цел да им помогнат во остварувањето на нивните права и интереси.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, не смеат да дискриминираат ниту едно лице поради негова расна, полова, национална, верска или политичка припадност или поради социјалниот статус, културата, јазикот, сексуалната ориентација, возраста или инвалидноста.

### Член 14

При контактирање со јавноста, вработените во стручната служба на Агенцијата ќе се легитимираат.

При извршувањето на своите службени овластувања, вработените во стручната служба на Агенцијата, должни се да носат картичка со своето име, презиме и слика.

**Член 15**

Личните мислења и ставови на членовите на Советот на Агенцијата, на директорот на Агенцијата, односно на заменикот на директорот на Агенцијата и на вработените, за прашања од надлежност на Агенцијата, можат да се изнесуваат во јавноста, само доколку јасно е назначено дека тој/таа говори или пишува само во свое лично име, односно го изнесува своето лично мислење или став.

При тоа, со изнесените лични мислења и ставови не смее да се нанесува штета на угледот на Агенцијата.

**Член 16**

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените задолжени за односи со јавност, кон новинарите и претставниците на јавноста се однесуваат со достојна почит и максимално разбирање за нивните права и обврски.

## VII. ПРИФАЌАЊЕ ПОДАРОЦИ И ДРУГИ ПОГОДНОСТИ

**Член 17**

На членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и на вработените им се забранува, во врска со работите што ги вршат, непосредно или посредно, во свое и туѓо име (за членови на нивното семејство, блиски роднини и пријатели и сл.), да бараат или да примаат подароци, награди, надоместок, ветување, услуги или прибавување на друга корист, од издавачи на медиуми, даватели на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, како и од физички и правни лица со кои Агенцијата остварува деловна соработка.

Исклучок од правилото од став 1 на овој член се поединечни предмети од мала вредност (книги, сувенири, пенкала и слични предмети), кои се израз на вообичаена деловна учтивост. Обидите на странките да понудат било каква корист во замена за услуга или повластен третман, членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата веднаш ќе го пријават во писмена форма на претседателот на Советот на Агенцијата и на другите членови на Советот на Агенцијата, а вработените до директорот на Агенцијата.

**Член 18**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не обезбедува службени подароци или други погодности за издавачите на медиуми, давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, како и за правни и физички лица со кои остварува деловна соработка, со исклучок на предмети од мала вредност што се израз на вообичаена деловна учтивост.

**Член 19**

Во случај на член на Советот, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата или на вработен, да му е понудено да прими плакета или благодарница за активност што е поврзана со работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, тој/таа треба за истото да го извести претседателот на Советот на

Агенцијата и директорот на Агенцијата, со цел да се оцени дали прифаќањето на плакетата/благодарницата е во согласност со правилата утврдени во овој Кодекс.

**Член 20**

Вработените во стручната служба кои се вклучени во спроведување на постапките за јавна набавка, не смеат да прифаќаат подароци или друга корист од учесниците во постапките за јавна набавка, за да не се изложат на претпоставки за нечесно работење при вршење на постапките за јавни набавки.

## VIII. ЗАШТИТА И ЕКОНОМИЧНО КОРИСТЕЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

**Член 21**

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените, ќе вложуваат максимални напори за ефективно и економично користење на материјалните средства и опремата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 22**

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените нема да ги користат ресурсите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нерационално или за да остварат лична корист.

**Член 23**

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, за работа надвор од работните обврски во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, нема да ги користат ресурсите на Агенцијата, без претходно знаење и одобрение од Агенцијата.

## IX. КОРИСТЕЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ И ПРОСТОРИИТЕ

**Член 24**

Вработениот е должен да се придржува до почетокот и крајот на работното време во Агенцијата, за вршење на своите службени должности.

Вработениот, задолжително го регистрира работното време при секој влез и излез од работните простории на Агенцијата.

**Член 25**

Во текот на работното време, работното место не смее да се напушти, освен во случај на службени обврски надвор од седиштето на Агенцијата или ако за тоа биде известен непосредниот раководител и тоа го одобрил.

Доколку работникот е спречен одреден ден да дојде на работа или постојат причини за задоцнување при доаѓање на работа или за порано заминување од работа, вработениот е должен за причините навремено да го извести и да побара одобрување од непосредниот раководител.

Член 26

Вработениот треба службените работи да ги организира, планира, закажува и работните задолженија да ги врши навремено, правично и одговорно.

Работните обврски непотребно и без причина не треба да се одложуваат.

## X. ПРОФЕСИОНАЛНО И ЛИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 27

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, во извршувањето на своите функции и работни обврски треба да се однесуваат чесно, искрено и одговорно.

Член 28

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, потребно е да се однесуваат коректно и пристојно кон своите соработници, почитувајќи го нивното достоинството и ставови, дури и ако нивните мислења се разликуваат.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените, должни се да постапуваат фер, непристрасно и професионално.

Член 29

Вработените нема да го одложат или да го доверат на друг вработен извршувањето на своите работни обврски, освен ако за тоа постојат оправдани причини, и по претходна согласност на непосредниот раководител.

## XI. ПРОФЕСИОНАЛЕН ИЗГЛЕД

Член 30

Во Агенцијата се практикува неформален деловен кодекс за облекување, кој има за цел да им овозможи комфорно работење на вработените и да промовира професионален изглед.

На официјални настани, се препорачува построг деловен кодекс на облекување.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со својот изглед мора да прикажуваат професионализам и уредност.

Член 31

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата и вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имаат слобода во одлучувањето и изборот на облеката која ќе ја носат, водејќи сметка за прифатливоста и неприфатливоста на одреден вид.

Генерално неприфатлива е следната облека, која:

- вообичаено се користи во домот, во ноќни клубови или за спортски активности;

- премногу ги открива грбот, градите, рамената, стомакот или долната облека;
- е провирна или со големи засеци и деколтеа;
- содржи зборови, изрази или слики кои можат да бидат навредливи или неприфатливи за другите вработени и за соработниците на Агенцијата;
- оневозможува комфорно седење во јавност (фустани или здолништа со несоодветна должина).

Накитот, шминката, фризурата и маникирот треба да бидат така одбрани да одаваат пристојност и уредност и да бидат прилагодени на деловниот изглед.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 32

Со денот на влегувањето во сила на овој Кодекс, престанува да важи Кодексот на однесување на членовите на Советот и на вработените во стручната служба на Советот за радиодифузија на Република Македонија бр.02-1687/2 од 23.06.2006 година.

### Член 33

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на нејзината веб страница.

Бр. 01-2762/1
06.04.2015 година
Скопје

Согласн

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**